Уп. Бр. 08-04

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ, со седиште во Бич Хил, Клонскиг, Даблин 4, Ирска, преку адвокат Андреа Лазаревска, од Скопје, на седницата одржана на ден 15.01.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која новооснованата холдинг компанија во Ирска (која ќе се преименува во Смурфит ВестРок плц, со регистрирано седиште на Бич Хил, Клонскиг, Даблин 4, Ирска) кое е претпријатие-ќерка на СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ, со седиште во Бич Хил, Клонскиг, Даблин 4, Ирска ќе го стекне целиот издаден акционерски капитал на СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ и целиот издаден акционерски капитал на ВестРок Компани, со адреса на 1000 Абернати Роуд, НЕ Атланта, ГА 30328, САД, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 21.11.2023 година, а дополнето на 06.12.2023 годинадо Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ, со седиште во Бич Хил, Клонскиг, Даблин 4, Ирска со која новооснованата холдинг компанија во Ирска кое моментално е претпријатие-ќерка на СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ, со седиште во Бич Хил, Клонскиг, Даблин 4, Ирска (кое ќе се преименува како

Смурфит ВестРок плц со регистрирано седиште на Бич Хил, Клонскиг, Даблин 4, Ирска) ќе го стекне целиот издаден акционерски капитал на СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ а воедно ВестРок Компани, со адреса на 1000 Абернати Роуд, НЕ Атланта, ГА 30328, САД ќе биде претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Смурфит ВестРок плц.

Предложената трансакција ќе се реализира преку неколку чекори:

- новоснованата холдинг компанија во Ирска кое моментално е претпријатие-ќерка на СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ (кое ќе се преименува како Смурфит ВестРок плц)[1] ќе го стекне целиот издаден акционерски капитал на СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ преку шема на аранжман според член 450 од Законот за трговски друштва од 2014 година на Ирска, со што СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ станува претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Смурфит ВестРок плц, и
- новото американско претпријатие-ќерка на Смурфит ВестРок плц ("**Мерџер Саб**")[2] ќе се спои со и во ВестРок Компани, по што ќе престане посебното корпоративно постоење на Мерџер Саб, а ВестРок Компани ќе продолжи како корпорација што продолжува да постои ("**Корпорација што продолжува да постои**"), така што по ова спојување, Корпорацијата што продолжува да постои ќе биде претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Смурфит ВестРок плц.

Како резултат на спојувањето на Мерџер Саб и ВестРок Компани, Смурфит ВестРок плц (кое во тоа време веќе ќе ги поседува сите акции на СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ) исто така ќе стекне единствена контрола над ВестРок Компани (бидејќи ВестРок Компани ќе продолжи како корпорацијата што продолжува да постои по спојувањето на Мерџер Саб и ВестРок Компани, во целосна сопственост на Смурфит ВестРок плц), додека акционерите на СМУРФИТ КАППА ГРУП ПЛЦ и ВестРок Компани ќе станат акционери на Смурфит ВестРок плц.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ**, **FTSE** 100 друштво и матично друштво на Смурфит Капа Груп (*Smurfit Kappa Group*) е еден од водечките даватели на решенија за пакување базирани на хартија во светот, со повеќе од 47.000 вработени во преку 350 производствени локации низ 36 земји и со приход од 12,8 милијарди евра во 2022 година. СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ се наоѓа во 22 земји во Европа, 13 во Америка и една во Африка. СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ е единствениот пан-регионален играч од

[1] Сифајдвеј Лимитед (*Cepheidway Limited)* (кое ќе се преименува и повторно ќе се регистрира како Смурфит ВестРок плц), приватно друштво со ограничена одговорност основано во Ирска со регистарски број 607515 со регистрирано седиште на Бич Хил, Клонскиг, Даблин 4, Ирска (*Beech Hill, Clonskeagh, Dublin 4, Ireland*).

[2] Сан Мерџер Саб, ЛЛЦ (*Sun Merger Sub, LLC*), друштво со ограничена одговорност организирано во државата Делавер, САД.

големи размери во Латинска Америка. Неговите производи, кои се 100% обновливи и произведени одржливо, го подобруваат влијанието врз животната средина на своите клиенти.

СМУРФИТ КАПА ГРУП ПЛЦ нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва лоцирани во Северна Македонија, но има оставрено продажби во Република Северна Македонија.

**ВестРок Компани** јавно друштво со седиште во САД, е мултинационален давател на иновативни, одржливи решенија за хартија и пакување, кој е првенствено активен во САД, но работи и во Европа, Северна Америка, Јужна Америка, Азија и Австралија.

ВестРок Компани е активно во производството и снабдувањето со картонска амбалажа, картонски кутии на склопување, картонски контејнери и производи за брановидни пакувања, меѓу другите производи и услуги. Во ЕУ, ВестРок Компани е фокусиран на продажба на картонски кутии на склопување, етикети, летоци, картон, композитни лименки и машини за пакување.

ВестРок Компани не е активно во Северна Македонија, ниту има претпријатија-ќерки, филијали или претставништва во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**